# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) СТРАТЕШКИ МЕНАЏМЕНТ НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 23.08.2017 годсина, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), за наставно-научната област (дисциплина) 50624 друго – Преговарање и одлучување за наставните предмети: Стартирање на нов бизнис, Деловно и и трудово право, Деловна етика, Деловно преговарање и научната област 50605 Стратешки менаџмент за наставниот предмет: Менаџирање на здравствена организација поле Организациски науки и управување (менаџмент), подрачје Општествени науки, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Саша Дукоски, вонреден професор - Правен Факултет - Кичево;
- д-р Лазар Ѓуров, вонреден професор - Воена Академија „Генерал Михаило Апостолоски" - Скопје; и
- д-р Емилија Стевановска, вонреден професор – БАС Институт за менаџмент - Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент) за наставно-научната област (дисциплина) 50624 друго – Преговарање и одлучување за наставните предмети: Стартирање на нов бизнис, Деловно и и трудово право, Деловна етика, Деловно преговарање и научната област 50605 Стратешки менаџмент за наставниот предмет: Менаџирање на здравствена организација поле Организациски науки и управување (менаџмент), подрачје Општествени науки, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, доц. д-р Зоран Јовески.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Зоран Јовески е роден на 12.10.1960 година, во Прилеп. Средно образование завршил во Прилеп – Гимназија Мирче Ацев, а со високо образование, VII/1 степен на стручно образование и звање Дипломиран економист на насоката Економија на претпријатија се стекнал на Економскиот факултет од Прилеп – Унивезите Св.Климент Охридски" Битола, во 1996 година.

Образованието го продолжил на Филозофскиот факултет запишувајќи се на мултидисциплинарните Постдиломски студии за Мир и развој при Институтот за безбедност, одбрана и мир, каде во 2007 година одбранил Магистерскиот труд со наслов *„Ставовите на студентите за идното членство на Република Македонија во НАТО"* со што се стекнал со VII/2 степен на стручно образование и звање М-р по мир и развој.

Во 2009 година од страна на Наставно - научниот совет на Филозофскиот факултет - Скопје - Институтот за безбедност, одбрана и мир му е одобрен елаборатот за изработка на Докторска дисертација по наслов *„Влијанието на нелегалните и присилни миграции врз мирот и стабилноста на земјите од Западен Балкан"*, за да на *03.05.2012 година* пред комисијата во состав: проф. д-р Тони Милески, проф. д-р Лидија Георгиева, проф.д-р Митко Котовчески, проф. д-р Зорица Салтировска и проф.д-р Марина Митревска, ја одбрани Докторската дисертација под истиот наслов и да се стекне со VIII степен на стручно образование и звање *Д-р на науки.*

На 05.03.2013 година е избран во звањето доцент на БАС Институт за менаџмент Битола за група предмети на полето на организациските науки и менаџментот од наставната област: Преговарање и одлучување за предметите: Стартирање на нов бизнис; Деловно и трудово право; Деловна етика и Деловно преговарање, и наставната област: Стратегиски менаџмент за предметот: Менаџирање на здравствена организација.

Кандидатот активно се служи со англиски, српски и хрватски јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно - образовната дејност на БАС, кандидатот доц. д-р Зоран Јовески е вклучен во наставната програма за група предмети на полето на организациските науки и менаџментот од наставната област: Преговарање и одлучување за предметите: Стартирање на нов бизнис; Деловно и трудово право; Деловна етика и Деловно преговарање, и наставната област: Стратегиски менаџмент за предметот: Менаџирање на здравствена за втор циклус на студии.

Во краток период кандидатот бил и наставник во Средното екониомско училиште во Прилеп по група на Економски предмети – Економија на претпријатија и Бизнис.

Кандидатот бил член на пет комисии за избор на кандидати во научно и наставно – научно звање.

- Деловно преговарање - 2014 година;
- Напредно преговарање - 2014 година;
- Деловно и трудово право – 2014 година;
- Напредно одлучување - 2014 година;
- Напредно одлучување - 2015 година.

Кандидатот во овој момент работи како Финансов раководител на ЈЗУ Општа болница „Борка Талески" Прилеп, а со претходнта Јавна установа – ЈЗУ Здравствен дом Прилеп, во 2014 година, добитник е на 3 – то Ноемвриска награда на град Прилеп.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**<u>Научно истражувачка дејност</u>**

Доц. д-р Зоран Јовески има објавено вкупно (10) десет научни трудови од областа на Преговарање и одлучување и наставната област Стратегиски менаџмент: (1) еден труд во меѓународно научно списание – Безбедносни дијалози, во издание на Филофофски факултет - Скопје, (1) еден труд во зборникот на трудови на Факултет за безбедност Скопје - Универзитет „Св. Климетн Охридски" Битола, (1) еден научен труд за Зборникот на трудови на Друштвото за наука и уметност од Прилеп, како и (7) седум трудови за Симпозиумите и Конференциите одржани од страна на БАС Институт за менаџмент Битола и БАС Бизнис академија Смилевски.

Кандидатот Јовески бил вклучен во проектите на НВО PEF Macedonia во која се истражуваа изворите на тензиите и конфликтите во функција на нивно надминување, во периодот од 2013 -2016 година, а повеќе години по ред (2013-2016 година), редовно учествувал на голем број на Форуми во организација на Локалната самоуправа од Прилеп и НВО Центар за граѓански иницијативи од Прилеп. Исто така, кандидатот неколку години по ред (2013-2016 година), учествува во изработка на Студијата за Локалниот економски развој на Локалната самоуправа на Прилеп.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Доц. д-р Зоран Јовески бил рецезент на (1) еден учебник и на (1) едно издание на научен труд. Особено важен е написот за состојбата во Здравствениот сектор во Прилеп и прилепско објавен во Монографијата по повод 1000 години од првиот пишан документ за градот Прилеп издадена од страна на Локалната самоуправа на град Прилеп во 2014 година со наслов: Прилеп – Милениумско пулсирање 1014 – 2014.

Исто така, кандидатот покажува интерес и во дејностите од поширок општествен интерес и вклучен во работата на неколку Комисии при Локалната самоуправа на град Прилеп.

Кандидатот е член на две (2) Комисии на Друштвото за наука и уметност од Прилеп, како и член на петчлениот Програмскиот одбор на Друштвото одговорен за неговите тековни активности.

Добитник е на 15 – тина Сертификати за учества на Конференции, трибини, работилници, курсеви и семинари. Посебно значаен е Сертификатот за НВО PEF Macedonia во која се истражуваа изворите на тензиите и конфликтите во функција на нивно надминување, во периодот од 2009 -2010 година.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1 и професионалната биографија на кандидатката, кој се доставуваат во прилог со овој Правилник.*

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Зоран Јовески. Сепак комисијата констатира дека кандидатот нема доволно наставна дејност, потребна за напредување во наставно звање, а има задоволителен број активности во научна и стручно апликативна дејност. Токму затоа Рецензентската комисија смета дека треба да се одвојат наставното и научното звање кај овој кандидат.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Зоран Јовески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола и ги исполнува сите услови да биде ре -избран во наставно звање **Доцент,** а избран **во научно звање Виш научен соработник в**о наставно - научната област (дисциплина) 50624 друго – Преговарање и одлучување за наставните предмети: Стартирање на нов бизнис, Деловно и и трудово право, Деловна етика, Деловно преговарање и научната област 50605 Стратешки менаџмент за наставниот предмет: Менаџирање на здравствена организација.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, доц. д-р Зоран Јовески да биде ре-избран во наставно звање **Доцент,** а избран во научно звање **Виш научен соработник** во наставно – научната област (дисциплина) 50624 друго – Преговарање и одлучување за наставните предмети: Стартирање на нов бизнис, Деловно и и трудово право, Деловна етика, Деловно преговарање и научната област 50605 Стратешки менаџмент за наставниот предмет: Менаџирање на здравствена организација.

Битола, 04.12.2017 година.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Д-р Саша Дукоски, вонреден професор;**

---------------------------------------------

2. **Д-р Лазар Ѓуров, вонреден професор;**

---------------------------------------------

3. **Д-р Емилија Стевановска, вонреден професор;**

---------------------------------------------